EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

**СОДРЖИНА**

1. **Вести од ЕЦМП НВО Мрежата**
2. **Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Ресурсни Центри**
3. **Вести од членовите на ЕЦМП Мрежата**
4. **Други вести**
5. **Објавување на грантови**
6. **Листа на ЕЦМП Регионални НВО Центри**

## 1. ВЕСТИ ОД ЕЦМП НВО МРЕЖАТА

**30 Мај**
**Состанок на Регионалниот Представник на ЕЦМП и Турскиот Амбасадор во Македонија г-дин Мехмет Ташер**

Регионалниот Представник на ЕЦМП во Македонија Sunoor Verma имаше средба со Амбасадорот на Република Турција во Македонија г-динот Мехмет Ташер. На состанокот на Турскиот Амбасадор му беше презентирана ЕЦМП Мрежата во Македонија како и проблемите со кои се соочуваат турските невладини организации. Регионалниот претставник ја потенцираше важноста на тоа турските невладини организации во Мрежата да добијат поддршка во воспоставувањето на нивната инфраструктура и канцеларии што ќе им помогне во подобро извршување на нивните мисии. Турскиот амбасадор изрази волја за да го дискутира ова прашање со неговата влада. Бидејќи за Турската Амбасада е невозможно да работи со секоја организација од Мрежата посебно, ќе биде одржан координативен состанок на турските НВОи во ЕЦМП Мрежата, и заклучоците од тој состанок ќе му бидат презентирани на Турскиот амбасадор. Во Координативното Тело на ЕЦМП НВО Мрежата, г-динот Сенат Беќири, председател на Здружение за образование, култура, екологија и хуманост МИЛЕНИУМ од Гостивар е представник на Турските НВОи од Мрежата. Тој е поканет од Регионалниот представник на ЕЦМП да организира состанок со овие невладини организации и да го презентира нивното барање за поддршка на Турскиот амбасадор.. **Подетални информации може да добиете на: ecmimkd@ecmingonet.org.mk и mngo@post.com.**

**1-5 Јуни**
**Обука на тренери за управување со мултиетнички заедници на (Local Government Initiative-Инцијатива на локалната самоуправа)**

По предлог на ЕЦМП, членовите на Координативното тело на ЕЦМП Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Македонија, Сенад Бекири, Надир Реџепи и Самет Скендери зедоа учество на тренингот организиран од ЛГИ (Local Government and Public Reform Initiatives – Локална власт и иницијатива за јавна реформа) во Охрид на Обука на тренери за управување со мултиетнички заедници кој се одржа од 01 до 5 Јуниј. Обуката беше многу корисна за луѓето кои живеат во мултиетнички средини. Меѓу темите на обуката имаше и “Методи за совладување на несогласувањата помеѓу граѓаните” и “Информации за човековите и малцинските прашања”.Тренери на обуката беа Florian Bieber од Европскиот центар за малцински прашања- Фленсбург, Германија, Anna-Maria Biro од Minority Rights Group International- (Група за малцински прашања Интернационал), Будимпешта, Zsuza Katona од Local

ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран од великодушниот придонес на Кралското Данско Министерство за надворешни работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за надворешни работи

Government Initiatives-(Иницијатива на локалната власт), OSI (ИОО), Будимпешта, Tony Verheijen од UNDP (Програма за развој на Обединетите Нации) од Братислава, Aniko Kaposvari од Fundation for Human Rights and Peace Education - (Фондација за човекови права и образование за мир) и Ana Vasilache од Partners Foundation (Фондација Партнери), Романија.
**Дополнителни информации како и материјалите од обуката може да се најдата на: http://lgi.osi.hu/publications/books/.**

**13 Јуни**
**Состанок на веб тимот**
Веб тимот на www.ecmingonet.org.mk се состана во просториите на ЕЦМП во Скопје. Се разговараше за прогресот на новиот дизајн на веб страната. Прибирањето на вестите од членките ќе се одвива два пати месечно (секој 14ти и 29ти во месецот се крајните рокови за доставување на вестите). Информаторот ќе се објавува како и досега еднаш месечно. После дистрибуирањето на информаторот сите членки ќе бидат информирани по е-меил за истото. Исто така месечните извештаи од Регионалните центри треба да се доставуваат и до г-ца Нашоковска со цел од нив да се извлечат вести за активностите на центарите. Претставувањето на веб страната како линк на другите веб страни меѓу кои и на веб страните на членките и во иднина ќе продолжи континуирано од страна на сите членови на веб страната.
**е-маил: nashokovska@ecmingonet.org.mk**

**14-16 Јуни**
**Состанок на координативното тело на ЕЦМП Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Македонија, Св. Наум, Охрид**
Од 14- до 16 Јуни, во Св. Наум во Охрид се одржа состанок на Координативното тело на ЕЦМП Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи.
На состанокот присуствуваа членовите на Координативното тело, Регионалниот претставник на ЕЦМП во Македонија г-динот Сунур Верма и членови од персоналот на Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје. Беа детално дикутирани прашања поврзани со функционирањето на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи. Беа испитувани стратегии за понатамошен развој на Регионалните Центри во Скопје, Куманово, Штип, Битола, Гостивар и Тетово. Веа составени комитети за разгледување на прашања за ново членство, работа со локалните медиуми, и работење со локалната власт. **Извештајот од состанокот на Координативното Тело наскоро ќе биде достапен веб страната на Мрежата www.ecmingonet.org.mk или можете да го побарате од Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**Јуни**
**Во Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје се воспоставени формулари за развој на предлог проекти, формулари за извештаи, финансиски инструкции за администрација на проекти и истите се циркулирани со сите членови на ЕЦМП Мрежата.**
За повеќе информации можете да се обратите до ralis@ecmingonet.org.mk

ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран од великодушниот придонес на Кралското Данско Министерство за надворешни работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за надворешни работи

## 2. АКТИВНОСТИ НА ЕЦМП НВО РЕГИОНАЛНИТЕ РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**7 Јуни**
**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
**Културните настани во Тетово - Трибина**
Во организација на Европскиот центар за малцински прашања – Регионален центар (ЕЦМП-Регионален центар) Тетово се одржа трибина на тема "Културните настани во нашиот град". Трибината се одржа во просториите на ЕЦМП-РЦ Тетово. Покрај претставници на членките на ЕЦМП-РЦ Тетово присуствуваа и голем број претставници на НВО,професори од училиштата во Тетово и претставници на библиотеката од Тетово. Фацилитатор на оваа трибина беше г-дин Салајдин Сулејмани, директор на градската библиотека во Тетово.
Некои учесници ја истакната неефикасноста на локалните власти во обраќањето кон ова прашање беше предложено дека НВО секторот треба да влијае на локалната власт за решавање на проблемите од областа на културата. Беше истакната потребата од отворање на Младински центар кој би помогнал во решавањето на овој проблем на младите без оглед на етничката припадност. Г-динот Сулејмани ја истакна потребата од трајно решавање на локацијата на градската библиотека и формирање на читална, толку потребна за сите во Тетово, а во соработка со сите НВО кои работат во овој регион
**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**8 Јуни**
**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
**Презентација на програмата за подобрување на меѓуетничките односи на Фондацијата Крал Бодуен і Институтот Отворено Општество во ЕЦМП Регионалниот Ресурсен Центар Скопје**
На 8 Јуни во просториите на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар во Скопје се орджа презентација на тригодишната програмата "Подобрување на меѓуетничките односи" на Фондацијата Институт Отворено Општество и Фондацијата Крал Бодуен. На присутните членови на ЕЦМП Регионалниот Центар Скопје им беа презентирани приоритетните потреби и главната цел на програмата, целни групи, какви активности ке поддржува програмат, начини на аплицирање и кој се може да аплицира. Програмата беше представена од советникот на програмата Анета Војновска. **Подетални информации и апликации може да се најдат на www.ierse.org.mk**

**11 Јуни**
**ЕЦМП-Регионален Центар Тетово**
**Претставник на Иницијативата за градење доверба – Тетово во посета на Европскиот центар за малцински прашања**
Програмскиот офицер на Иницијативата за градење доверба-Тетово, Дијана Џонсон го посети ЕЦМП-РЦ Тетово. На почетокот координаторот на центарот г-дин Надир Реџепи ја претстави Мрежата на национално ниво и членките на од овој регионален центар како и активностите кои се изведуваат во рамките на центарот.
Во продолжение претставниците на НВО, членки на ЕЦМП-РЦ Тетово ги презентираа своите проекти и целите што би се постигнале со нив.
**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**17 Јуни**
**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
**Средба на членките на ЕЦМП Регионален Центар Куманово и релевантните образовни институции од Куманово**

Во просториите на ЕЦМП Регионалниот Центар Куманово се одржа состанок со претставник на подрачната единица на министерството за образование и наука , како и со директорите на средните и основните училишта од Куманово. прво беше накратко презентиран проектот "Сложувалка". НВОите членки на ЕЦМП Регионален Центар Куманово изразија желба да соработуваат со присутните за надминување на несогласувањата и предрасудите помеѓу националностите во Куманово. беше договорено, за почеток да биде во неутрална средина, а тоа се училиштата, каде преку учениците, наставниците и родителите ќе се скенира мислењето на луѓето во врска со прашањето- Колку се познаваме?. Присутните беа замолени да ги стават на располагање своите простории и вработени за да може да се реализира проектот. Директорите и представникот на подрачната единица од Министерството за образование и наука го поздравија проектот и го потврдија своето учество.

**Подетални информации за прокетот може да се добијат кај координатотрот на прокетот Соња Арсовска (sarsovska2001@yahoo.com) или во ЕЦМП РЦ Куманово (ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk)**

**19 Јуни**
**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
**Реализиран проектот "Туберкулозата е меѓу нас" на членките**

Со организирањето на трибината "Туберкулозата е меѓу нас" завршија активностите од имплементацијата на проектот под истото име, поддржан од ЕЦМП Мрежата, а реализиран од страна на членките на ЕЦМП РЦ Битола. Носител на овој проект беше Хуманитарното и културно здружение на Турците "Челебија" во соработка со Група Феликс, Асоцијација на отворени комуникации, Сојузот на жената Албанка и Малдаинска културна асоцијација. Активностите кои беа опфатени со овој проект (10 предавања во средните и основните училишта во општините Битола и Бистрица каде живее население со мешан етнички состав, анкета со која беа опфатени 300 ученици и трибината) се реализираа во периодот од 3-19 јуни 2002.

**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**21 Јуни**
**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
**Трговија со бело робје - Тркалезна маса**

Во просториите на ЕЦМП РЦ Куманово се одржа тркалезна маса на Тема Трговија со бело робје. На тркалезната маса беше присутен представник на Меѓународната организација за миграции (IOM). Најнапред беше одржано предавање на темата Трговија со луѓе. Потоа следеше исцрпна дискусија за оваа состојба во Куманово и Македонија како и за начините за спречување на проширувањето на оваа појава. НВО членките на ЕЦМП Регионален центар Куманово пројавија интерес за нивно вклучување во кампањата за борба против трговијата со луѓе која ќе започне по предстојните избори во државата.

**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран од великодушниот придонес на Кралското Данско Министерство за надворешни работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за надворешни работи

EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

**Јуни**
**Регионален Центар Штип**
Во Регионалниот Центар на ЕЦМП во текот на јуни беше одржан еден состанок на членовите на Регионалниот Центар на кој беа присутни и кандидатите за членство во ЕЦМП Регионалниот Центар Романи Асвин, Организација на потрошувачите, Хуманитарно здружение на млади Роми - Штип и Здружението за борба против ракот на дојката "Нова страна од животот". Кандидатите членки беа запознати со тековните активности на Регионалниот Центар и планот на активности, со процесот на подготвување на предлог проекти во Регионалниот Центар и со веќе подготвениот и испратен до Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје предлог проект.
**ecmistip@ecmingonet.org.mk**

**Јуни**
**Регионален Центар Гостивар**
Во текот на јуни во Регионалниот Центар во Гостивар се одржаа два состаноци на членовите на Регионалниот Центар на 18ти и 11 Јуни. Тема на состанокот одржан на 11ти Јуни беа предлог проектите поднесени од членки на ЕЦМП Регионалниот Центар во Гостивар до Канцеларијата на ЕЦМП во Скопје .На дневен ред на состанокот одржан на 18 Јуни беше пренесување на информацијата на членовите на Регионалниот Центар во Гостивар за одржаниот состанок на Координативното Тело од ЕЦМП Мрежата во Св. Наум од 14 – 16 Јуни и заклучоците донесени на него.
**ecmigostivar@ecmingonet.org.mk.**

## 3. ВЕСТИ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕЦМП НВО МРЕЖАТА

**1-2 Јуни**
**Подобра иднина на младите Роми - Трибина и хуманитарен концерт**
Во рамките на проектот "Мојот вложен труд мое право", кој се реализира од страна на локалните НВО Романи асвин, Сао Рома, Веста и Рома Цинти Унион се организира трибина За подобра иднина на младите Роми". Главна тема на трибината беше користењето на опојни средства и заштита. Присутни беа голем број на млади Роми кои со интерес ја следеа трибината.
Следниот ден на 02 јуни се одржа хуманитарен концерт со цел подигнување на свеста кај младите Роми за потребата од образование. Како учесници се појавија поголем број на млади уметници, како и Културно-уметничкото друштво "Ромска солза".
Во рамките на овие активности се одржа и турнир во мал фудбал.
Организацијата Романи Асвин е асоцијативна членка на ЕЦМП Регионалниот Центар во Штип.
**E-mail: romaniAS@freemail.com.mk**

**8 Јуни**
**Средба со новите членки на Центарот за пермакултура и мироградба во Гостивар**
Во просториите на Центарот за пермакултура и мироградба (ППЦ), Гостивар на 8 Јуни се одржа состанок со новите членки кои се лоцирани во различни општини во Македонија. Овој состанок беше организиран врз основа на долгорочната стратегија на Бордот на директори Центарот за пермакултура и мироградба

ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран од великодушниот придонес на Кралското Данско Министерство за надворешни работи, Британската Амбасада во Скопје и Кралското Норвешко Министерство за надворешни работи

за институционален развој како и воспоставување на ограноци и проширување на активностите пошироко на територијата на Македонија.
Средбата беше окарактеризирана како мошне успешна од страна на сите учесници кои едногласно ги донесоа следните заклучоци:

1. Воспоставување на ограноци на Центарот за премакултура и мироградба во седум градови во македонија: Куманово, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга и Охрид.
2. Организирање на Оснивачко собрание на ограноците на ППЦ во секој од горенаведените градови, најдоцна до крајот на септември 2002.
3. До воспоставувањето на ограноците, новите членовите ќе ги реализираат предвидените активности со директна помош на ППЦ главната канцеларија во Гостивар.

**E-mail: ppc@ppc.org.mk ;Web site: www.ppc.org.mk**

**16 Јуни**
**И ние сме за заштита и практикување на човековите права – ТВ емисија**
На 16 јуни 2002 на ТВ Кисс Тетово во организација на ХДЗР Месечина од Гостивар беше организирана едночасовна емисија под наслов И ние сме за заштита на човековите права, како дел од четвртата фаза на проектот финансиран од Европската комисија за демократија и човекови права. Соговорници во емисијата беа: Д-р. Мирјана Најчевска, претседател на Македонскиот Хелсиншки Комитет за Човекови Права, г-дин Мухамед Точи, координатор на секторот за меѓуетнички односи на ХДЗР Месечина-Гостивар, г-дин Надир Реџепи, координатор на ХЗРМ Сонце - Тетово, г-дин Џемаиљ Арифи, претседател на Основниот суд во Тетово и 5 студенти на Правниот факултет во Скопје. Во рамките на оваа четврта фаза предвидено е да се одржат 4-5 тркалезни маси на радио или ТВ станици на национално и локално ниво. Во останатите фази се реализираа или ќе се реализираат следните активности:
Првата фаза се состоеше од печатење на панфлети и плакати на четири јазика(ромски, македонски, албански и турски) и прес конференција за запознавање на јавноста за почетокот на втората фаза.
Во втората фаза беа одржани 10 едукативни трибини во 10 градови на Македонија.
Третата фаза се состоеше од одржување на два семинари за административни работници од центрите за социјална работа, наставници, директори и педагози од основните училишта каде учат и ромски деца.
Во последната петта фаза ќе биде опфатено печатење на 6000 брошури со едукативен карактер за човековите права и нивна дистрибуција до целната група.
**E-mail: mesecina@mt.net.mk**

**23 Јуни**
**Основачко собрание на огранокот на Центарот за пермакултура и мироградба (ППЦ) во Охрид**
Врз основа на заклучоците донесени на состанокот на 8 јуни 2002 во Гостивар, на 23 јуни 2002 во Охрид се одржа оснивачкото собрание на огранокот во Охрид на Центарот за пермакултура и мироградба.
Овој огранок е прв од предвидените седум. До крајот на јуни ќе бидат отворени ограноците во Куманово и Скопје или Тетово. Останатите четири ограноци ќе бидат отворени во периодот од втората половина на август 2002 до крајот на септември 2002.
Погоре наведените активности се дел од долгорочната стратегија на Бордот на директори Центарот за пермакултура и мироградба за институционален развој како и воспоставување на ограноци и проширување на активностите пошироко на територијата на Македонија.
**E-mail: ppc@ppc.org.mk Web site: www.ppc.org.mk**

**27 Јуни**
**Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите "Месечина" – Гостивар, добитник на Наградата за граѓанско општество и демократија за придонесот во граѓанскот општество и демократија во претходната година**
Македонскиот центар за меѓународна соработка на Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите Месечина, Гостивар ја додели Наградата за граѓанско општество и демократија, за придонесот во граѓанското општество и демократија во претходната година.
Месечина е добитник на наградата за придонесот во образованието, обуката и градењето свест за човекови права, како и за борбата против дискриминацијата и ксенофобијата и заштитата на малцинствата.
Месечина придонесе кон наведеното со вкупно четириесетина трибини за човекови права и застапување во повеќе случаеви за заштита на правата од дискриминација. Од посебно значење се неколку иновации. Прва е фокусирањето на сектори како образованието и социјалните работи, што се чини за првпат. Втора е дека во активностите се вклучени соработници од центрите за социјална работа и наставниците од основните училишта.
**e-mail: mesecina@mt.net.mk Web site: www.mesecina.org.mk ; www.mcms.org.mk**

**27 Јуни**
**Презентација на веб страната на полсокото здружение ПОЛОНИЈА**
На 27 Јуни во Музејот на Град Скопје се одржа презентација на веб страната на Здружението на Пољаците во Македонија ПОЛОНИА. Веб страната ја презентираше Тереза Шаурек, член на здружението. Страницата е сеуште во изградба, но ќе биде дополнета на два јазици, македонски и полски и ќе вклучува многу информации од областа на културата и образованието во Полска и Македонија.
**Повеќе информации може да најдете на: www.polmak.org.mk и polonia_mak@informa.com.mk**.

## 4. ДРУГИ ВЕСТИ

**14 Јуни**
**За посреќно детство - Хуманитарен концерт**
Под мотото Музиката е најсилно оружје против војната, а како обележување на Меѓународниот ден на бегалците - 20 јуни, во просториите на Домот на АРМ се одржа хуманитарен концерт. Организатор на концертот е Здружението на самохрани родители ДИКА" од Скопје во соработка со Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации-УНХЦР.
Главната цел на концертот беше да се подигне свеста за ситуацијата на внатрешно раселените лица. Приходот од концертот е наменет за набавка на компјутери за децата и младите од колективните центри.
Програмата се состоеше од класична музика, рок музика и народна музика изведувана од музичари од различна националност.

EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

## 5. ОБЈАВУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

**Институт Отворено Општество (ОСИ) Комеморативен универзитет за Роми – Стипендиска програма за академска година 2002/2003**
Инстититот Отворено Општество (ОСИ) ја отвора по врот пат стипендиската програма за студентите Роми на универзитетско ниво. Ромиу кои можат да се квалификуваат мораЧж
Институтот отворено општество(ОСИ) ја отвора по втор пат стипендиската програма за студенитите Роми на универзитетско ниво. Роми кои можат да се квалификуваат мора: а) се примени на некој универзитет од Централна и Источна Европа во нивната земја на живеење или престој и да се запишани на прва година во учебната (есен)2002 или б) се веќе запишани на втора или повисока година. Предност ќе им се даде на оние од хуманитарните и општествените науки, економија, политички науки, новинарство, социологија, медицина, компјутерски науки, урбано планирање( Ромите кои бараат стипендија за јавна администрација или право можат да аплицираат во Европскиот центар за правата на Ромите (ЕРРЦ). Добитниците на стипендиите треба да бидат од Бугарија, Чешката република, Унгарија, Македонија, Романија, Словачка и Србија.(Други земији можат покасно да бидат додадени) Апликациите за учебната 2002-2003 мора да бидат доставени не покасно од 15 Септември 2002.
**Е- маил: rmusp@osi.hu**

**Универзитет Тренто, Одел за економија: Постдипломски за локален развој на Балканот, краен рок 31 Август 2002**
Споменатите посдипломски студии се 16 месечен курс за малди професионалци кои се на одговорни позиции на локално ниво во земијите од Југоисточна Европа. Програмата ќе започне во Септември 2002. Има три периоди од по осум недели кои ќе бидат исполнети со предавања, работилници и волонтерски активности во Тренто и Болцано-Италија, како предпрограма и два интервала за работа дома. Учеството е лимитирано на 25 учесници и 20 стипендии се предвидени за соодветните учесници ос Југоисточна Европа. 5 позиции се отворени за други учесници.
Координатор: Др. Мартина Квајнер
**http://www.didatticaonline.unitn.it/insegnamenti/masterI02/**
**E -mail:balkans@gelso.unitn.it**

**Реформска иницијатива за локалната власт и јавните услуги**

Целта на оваа програма е да им овозможи на експертите и професионалците од регионот можност да работат во еден мулти културен тим на професионалци на компаративни истражувања. Исто така цел на програмата е развој на стратегиски истражувања и јакнење на регионалните капацитети за развој на стратегиските истражувања. Очекувани резултати - стратегиски студии и препораки - ќе бидат од полза за демократското владеење и јавната администрација во регионот; lgprog@osi.hu; Ве молиме да наведете за: "ЛГИ Полицс Феллоњсхип 2003". Контакт лице за повеќе информации: Мариета Клејнесел , mkleineisel@osi.hu.

**ИУПИП – Тренинг курс, Роверето, Италија: 20 Септември 2002 - 20 Октомври 2002; народна дипломатија, ненасилство и глобално граѓанско општество после 11 Септември**

Приоритет за учество на меѓународниоте курс ќе им биде даден на апликанти кои се активни во организациите на граѓанското општество и општествените движења инволвирани во сферата на промоцијата на човековите права, ненасилна трансформоцаија на конфликтите и едукација за мир.
**Контакт е-маил: iupip@unimondo.org  Контакт веб страна: www.unimondo.org/iupip**

**Централно - Европски Универзитет, Будимпешта,Унгарија/ ЦРЦ- Истражувачки центар**

Ја отвора есенската 2002 сесија: организирано во соработка со одделот и програмата на Централно Европскиот Универзитет. Апликантите за оваа програма треба да бидат универзитетски професори или професионалци кои предаваат повремено/вонредно од областа на општествените науки во регионот, кои го познаваат англискиот јазик и можат да учествуваат во дискусии и да користат пишани материјали. Апликационата форма треба да биде поднесена со сите потребни документи како што е предвидено со програмата. Сите трошоци поврзани со транспортот и смстувањето за време на сесиите ќе бидат обезбедени од Центарот. За подетални информации за Центарот и неговите активности можете да ги доиете од канцеларијата на Центарот во Централно Европскиот Универзитет или преку националната СОРОС канцеларија. **Е-маил:** **crc@ceu.hu** **Веб адреса:** **www.ceu.hu/crc**

**Институт отворено општество - ИОО Литературни награди за Ромите**

Краен рок за пријавување е 1 Април 2002, но можете за информации да се обратите до Вероника Томка на е-маил:romaculture@osi.hu.

**Роман Херцог истржувачка програма**

Фондацијата Александар вон Хумболд и Фондацијата Херти известуваат за програма за истражувачи Роман Херцог , краен рок: моментално
Оваа програма ќе им овозможи на млади и високо квалификувани студенти со добри лидерски квалификации или потенцијали во истражувања и предавања од централна и источна Европа(вклучувајки и Балтичките замји) да спроведат истражувачки проекти по нивни избор во германија(старосна граница: 35 години). Апликациите треба да се однесуваат на долгорочни истражувачки проекти од 6-12 месеци; картксторочни студиски ангажмани и посета на конференции нема да бидат финансирани. Апликации од полето на правото, економијата и општествените науки се особено добредојдени.
**Повеќе информации на: www.avh.de/en/programme.stip_aus/rh.htm; bas@avh.de; Г-ѓа Ерика Ф. Раду-Бајерц.**

**DEMNEWS - Регионот во транзиција**

Регионот во транзиција(РИТА) е полско-американска слободна фондациска програма која се остварува од страна на Едукативната фондација за демократија стационирана во Полска. Целта на програмата е да ги подржи демократските и маркетиншки ориентираните трансформации во земијите на Источниот блок. Крајниот рок за аплицирање е 30 Јуни и 30 Септември 2002 година.Повеќе информации и апликациони формулари на : **http://www.edudemo.org.pl**

## 6. ЛИСТА НА ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО ЦЕНТРИ

| Регионален Центар | Контакт лице | Телефон и факс | Адреса | Е-маил |
|---|---|---|---|---|
| ЕЦМП Регионален Центар Битола | Марија Нашоковска | 047 236 874 | Ул. Јосиф Христовски 4/4 Битола | ecmibitola@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Гостивар | Саранда Имери | 042 216 166 | У. ЈНА 294, Гостивар | ecmigostivar@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Куманово | Љулзиме Ќаили | 031 425 456 | Локалитет Гарнизон 1/1-2, Куманово | ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Скопје | Гордана Цветкоска | 02 391 451<br>02 391 452 | Ул. Дрезденска 9, Скопје | ecmiskopje@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Тетово | Елвира Муртезани | 044 31 486 | Ул. Илинденска 97, Тетово | ecmitetovo@ecmingonet.org.mk |
| ЕЦМП Регионален Центар Штип | Емилија Пуздерлиева | 032 382 510 | Ванчо Прке 62/3-2 Штип | ecmistip@ecmingonet.org.mk |